Советот за радиодифузија на Република Македонија, врз основа на член 19 став 2 алинеа 4 од Деловникот за работа на Советот за радиодифузија (пречистен текст), на 58-та седница одржана на 07.12.2012 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РМ ВО 2013 ГОДИНА

Во согласност и во рамките на овластувањата утврдени со Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011 и 13/12) и Деловникот на Советот, работењето на Советот за радиодифузија, во текот на 2013 година, ќе биде насочено кон реализација на следниве активности:

## I. Надзор врз исполнувањето на обврските на радиодифузерите

### 1. Надзор врз исполнувањето на програмските обврски на радиодифузерите

- мониторинг на радио и на телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност и подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон, преку дневни и ад-хок анализи на емитуваната програма;

- мониторинг на програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва на државно (терестријални и сателитски), регионално и локално ниво од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон и дозволата за вршење радиодифузна дејност, преку дневни, неделни и ад-хок анализи на емитуваната програма;

- мониторинг на програмските сервиси на непрофитните радиодифузни установи од аспект на исполнување на програмските обврски од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти донесени врз основа на овој Закон и дозволата за вршење радиодифузна дејност, преку дневни и ад-хок анализи на емитуваната програма.

*Рок за спроведување: во текот на целата година*

- мониторинг на медиумското покривање на локалните избори во 2013 година, врз основа на Изборниот законик и подзаконските акти за медиумското покривање донесени врз основа на овој законик.

*Рок за спроведување: март 2013 година*

### 2. Спроведување на законските одредби во поглед на заштитата на плурализмот, разновидноста и јавноста на работењето на радиодифузерите

- следење на обврската на радиодифузерите за објавување на податоците за сопственичката структура, статусните промени, органите на раководење и изворите на финансирање;

- постапување по барања на радиодифузерите за одобрение за промена на соп ственичката структура;

- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со спречување на недозволената медиумска концентрација;

- обезбедување податоци од мерењата на публиката и изработка на анализи на уделите на радиодифузерите во вкупната гледаност односно слушаност, како основа за утврдување недозволена медиумска концентрација;

- следење на рекламните практики на радиодифузерите од аспект на унапредување и поттикнување на конкуренцијата и упатување предлози за покренување постапки до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

*- Рок за спроведување: во текот на целата година*

### 3. Следење на другите обврски на радиодифузерите утврдени со Законот, подзаконските акти и дозволата

- следење на наплатата на радиодифузната такса;

- следење на обврската за наплата на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност;

- следење на работата на радиодифузерите од аспект на исполнување на техничките барања утврдени со подзаконските акти и со анексот на дозволата за вршење радиодифузна дејност.

- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитување на член 11 од Законот за радиодифузната дејност.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

### 4. Преземање мерки кон радиодифузерите

- изрекување мерки на радиодифузерите за непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, подзаконските акти и дозволата за вршење радиодифузна дејност;

- спроведување постапки за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците;

- покренување прекршочни постапки против радиодифузерите во случаите на непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност;

- спроведување постапки за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците, за констатираните прекршувања на Изборниот законик;

- доставување предлози до Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор врз работењето на радиодифузерите во случаите на повреда на законските одредби за употребата на македонскиот јазик;

- спроведување на постапка за премин на постојните радиодифузери со линеарени програмски сервиси од аналоген во дигитален терестријален пренос на сигналот.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

- покренување прекршочни постапки против радиодифузерите за констатираните прекршувања на Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања бр.01-1596/1 од 21.04.2011 година и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година, за време на локалните избори во 2013 година во Република Македонија;

*Рок за реализација: пред, за време и непосредно по завршување на изборната кампања*

## II. Надзор врз исполнувањето на обврските на операторите на јавните комуникациски мрежи и радиодифузерите од аспект на почитувањето на авторските и сродните права

- проверка на договорите за регулирање на авторските права и сродните права на емитуваните содржини во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите и на операторите на јавните комуникациски мрежи;

- мониторинг на програмските пакети на операторите на јавните комуникациски мрежи: кабелски оператори, ИПТВ оператори, оператори за сателитска ТВ – DTH (Директно до дома) и оператори на мултиплекси за дигитален пренос на РА и ТВ програмски сервиси (DVB-T), од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за радиодифузната дејност (редовни и ад – хок мониторинзи);

- мониторинг на програмските пакети на операторите на јавните комуникациски мрежи: кабелски оператори, ИПТВ оператори, оператори за сателитска ТВ – DTH (Директно до дома) и оператори на мултиплекси за дигитален пренос на РА и ТВ програмски сервиси (DVB-T), од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за авторските и сродните права (редовни и ад – хок мониторинзи);

- издавање налози на операторите на јавни комуникациски мрежи за исклучување на програмските сервиси за кои немаат регулирани авторски и сродни права;

- покренување прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на непочитување на одредбите од Законот за радиодифузната дејност и поднесување на кривични пријави во случаите на основано сомнение за сторени кривични дела од проблематиката на Секторот, пропишани со Кривичниот законик;

- спроведување постапки за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците;

- доставување предлози до Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор врз работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на повреда на законските одредби за употребата на македонскиот јазик;

- доставување предлози до Координативното тело за интелектуална сопственост при Владата на РМ за спроведување инспекциски надзор врз операторите на јавните комуникациски мрежи во случаите кога постојат индикации за повреда на авторските и сродните права;

- воспоставување на регистар на иматели на исклучиви права за емитување/реемитување на спортски настани, игрaни и сериски филмови и други програмски содржини и право на пристап до настани од големо значење;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## III. Имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2013 – 2017 година

- активности за спроведување на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во РМ за периодот 2013 – 2017 година, според Акцискиот план за имплементација.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

- координирање на активностите со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации и ЈП МРД за успешен премин во дигитална терестријална радиодифузија

- активности координирани со Агенцијата за електронски комуникации, ЈП МРД и операторот на дигиталните мултиплексни системи (Групацијата ОНЕ) за имплементација на Планот за намена и распределба на преносните капацитетит на дигиталните мултиплекси донесен од Советот.

*Рок за реализација: првата половина на годината*

- заеднички работни состаноци и работилници со претставници на Министерство за информатичко општество и администрација, АЕК и МРД од една и ТРД-а кои емитуваат ТВ сервиси преку терестриална аналогна мрежа за надминување на можните проблеми и разјаснување на нејасните ситуации при трансформацијата на аналогната во дигитална технологија на пренос

- заеднички активности и соработка со ТРД-а за успешно завршување на процесот на регионализација на радидифузната дејност на РМ како последица на дигитализацијата во РМ.

*Рок за реализација: до април на 2013 година*

- учество во процесот на премин на локалните аналогни телевизиски сервиси во регионални дигитални телевизии.

- анализа на завршениот процес на дигитализација

*Рок за реализација: втората половина на годината*

## IV. Усогласување на домашната регулатива

- активности, поврзани за донесување подзаконски акти во фунција на операционализација на новата законска регулатива за медиуми која е усогласена со одредбите на Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската Унија;

- активности поврзани со усогласувањето на подзаконските акти на Советот за радиодифузија со новиот закон за медиуми;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## V. Анализи и истражувања

- анализа на пазарот на радиодифузната дејност во 2012 година со цел да се утврди економското работење на радиодифузерите, економскиот потенцијал на пазарот на огласување и трендовите во развојот на радиодифузната дејност;

- анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија, според работни места, образование, пол и етничка припадност;

- изготвување две полугодишни анализи за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање;

- истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти, од аспект на целите на регулаторната политика утврдени со Законот за радиодифузната дејност;

- анализи на изречените мерки и најчести прекршувања на радиодифузерите;

- анализи на судските постапки заради утврдување на ефективноста на изречените казнени мерки;

- изготвување на 4 (четири) квартални анализи на надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи во однос на почитувањето на авторските и сродните права: регистрирани пакети, издадени налози за исклучување на нерегистрирани програмски сервиси, најчести прекршувања, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема операторите на јавни комуникациски мрежи.

- изготвување на 2 (две) полугодишни анализи на надзорот врз обврските на радиодифузерите во однос на на почитувањето на авторските и сродните права: договори за регулирање на авторски и сродни права за емитуваните програми, заштита на исклучивите права на радиодифузерите, најчести прекршувања, изречени мерки, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема радиодифузерите.

*Рок на реализација: во текот на целата година*

- анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање;

- анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмските концепти и содржини.

*Рок за реализација: втората половина на 2013 година*

## VI. Доделување дозволи за нови програмски сервиси

- доделување дозволи за линеарни аудиовизуелни медиумски услуги (радио и телевизиски) и нелинеарни аудиовизуелни медиумски услуги (аудиовизуелни

медиумски услуги на барање и сл.), во зависност од анализата на пазарот, потребите на публиката и медиумскиот плурализам.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**VII. Други активности на Советот**

- воведување на ISO 9001:2008 сертификација на СРД;

*Рок за реализација: ноември 2013-та година*

- изработка на студија за систем за далечински мониторинг на операторите на јавни комуникациски мрежи" со рок на реализација Јуни 2013;

- *Рок за реализација: јуни 2013-та година*

- изработка на анализа, техничка спецификација и план за имплементација на Интегриран Информативен Систем на СРД;

- *Рок за реализација: декември 2013-та година*

- утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците од одредени населени места што не се покриени со радиодифузен сигнал и за слепи и глуви лица (член 146 од Законот);

- постапување по претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите.

- имплементација на донесените подзаконски акти за заштита на личните податоци.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**IX. Подигнување на институционалниот и административниот капацитет на Советот за радиодифузија**

- програми и обуки за стручно усовршување на вработените во стручната служба (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл);

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**X. Соработка со други регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации**

- соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Народниот правобранител и други органи и организации по прашања што произлегуваат од законските надлежности на Советот;

- соработка со Министерството за култура за спроведување инспекциски надзор врз работењето на операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на повреда на законските одредби за употребата на македонскиот јазик;

- соработка со Агенцијата за електронски комуникации во заедничкото координирање на активностите на Националното координативно тело за дигитализација, до крај спроведување на процесот на дигитализација на терестријалната радиодифузија, развојот на новите технологии за пренос на програмските сервиси, како и во сите други прашања што произлегуваат од заедничките надлежности во спроведувањето на законската регулатива со која се регулира радиодифузната дејност;

- соработка со Дирекцијата за заштита на лични податоци во насока на заштита на личните податоци во областа на радиодифузијата;

- соработка со Координативното тело за заштита на интелектуалната сопственост при Владата на РМ во насока на спречување на пиратеријата во радиодифузната дејност;

- соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата по прашањата од заедничка надлежност (утврдување и злоупотреба на доминантната позиција на релевантните пазари, облици на нарушување на конкуренцијата и др.);

- соработка со Јавното обвинителство во областа на говор на омраза во медиумите;

- соработка со Централниот регистар, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза и Државната изборна комисија;

- соработка со асоцијациите на трговските радиодифузни друштва и на јавните комуникациски мрежи, невладините организации од областа на медиумите, Здружението на новинари на Република Македонија, Организацијата на потрошувачите, и други организации, по прашања од заеднички интерес за развој на радиодифузната дејност и за остварување на интересите на граѓаните во сферата на информирањето и радиодифузијата;

- учество на Советот за радиодифузија во Националниот план на Република Македонија за Алијансата на цивилизациите;

- соработка со институциите, со кои Советот за радиодифузија на РМ има потпишано Меморандум за соработка.

- потпишување меморандуми/протоколи за соработка со други институции, органи и организации, по прашања што се од заеднички интерес за вршењето на работите од нивната надлежност;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XI. Конференции, работилници и јавност во работењето на Советот

- организирање работилници со радиодифузерите за примена на изборната регулатива.

*Рок за реализација: во првиот квартал од годината*

- организирање јавни седници на Советот (еднаш на секои три месеци) со присуство на сите заинтересирани субјекти;

- организирање тематски работилници и трибини со радиодифузерите за прашања поврзани со развојот на радиодифузната дејност и професионализацијата на медиумите;

- организирање тематски состаноци со операторите на јавни комуникациски мрежи;

- организирање расправи и средби со застапниците на странските и домашните радио и телевизиски програмски сервиси што се реемитуваат преку јавни комуникациски мрежи, застапниците на филмски, спортски и други права врз содржини што се емитуваат на програмските срвиси на домашните радиодифузери, како и со преставниците на здруженијата за колективно управување со авторските и сродните права;

- активности што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (ажурирање на листата на информации од јавен карактер, одговор на поднесени барања, годишен извештај за спроведување на Законот и др.);

- печатење публикации;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XII. Меѓународна и Европска соработка

- учество во работата на асоцијациите на регулаторни тела од областа на радиодифузијата - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), остварување соработка со регулаторните тела во Европа, во регионот, како и билатерална соработка;

- регионални состаноци со регулаторите тела, за размена на искуства, особено од државите од каде што потекнуваат програми кои поради сродното јазично подрачје се атрактивни (спортски, филмски) за реемитување во Република Македонија и за други теми од заеднички интерес (заштита на малолетна публика, категоризација на програмите, изборни кампањи и изборен молк, непрофитни медиуми, рекламирање итн.);

- учество во работата на Координативниот комитет на Протоколот за соработка меѓу независните регулаторни тела од балканскиот регион и покренување иницијативи за остварување билатерални и/или мултилатерални средби со потписниците со цел дискусија по прашања од заеднички интерес;

- соработка со Меѓународната унија за телекомуникации во поглед на поширока регионална координираност во процесот на дигитализација на терестријалниот сигнал;

- соработка со странски амбасади, организации, институции, асоцијации во однос на прашања што се однесуваат на електронските медиуми;

- соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР и со други тела, чијашто активност е поврзана со различни активности од аспект на работењето на електронските медиуми , заштитата на слободата на медиумите и следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XIII. Евро-интеграции

- учество во работната група за НПАА и редовно известување за напредокот што го постигнува Советот во однос на евро-интеграциските процеси;

- имплементација на проектот IPA - TAIB 2009 - координација, мониторинг и известување во соработка со АЕК, СЕП, МФ и Делегацијата на ЕУ во однос на проектот финансиран од IPA - TAIB 2009;

- активности за имплементација на проектот IPA Component II – спроведување на национално истражување за можностите за ползување на придобивките од дигитална дивиденда и истражување на економските аспекти за воведување нови услуги;

- соработка со Делегацијата на ЕУ во однос на подготовките на Извештајот за напредокот на земјата во евро-интеграциските процеси;

- соработка со Европската комисија и учество во работата на Комитетот за стабилизација и асоцијација , Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика и Поткомитетот за правда, слобода и безбедност

- изработка на квартални извештаи за евро-интегративните процеси за Собранието на РМ.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XIV. Односи со јавноста

- редовно и навремено информирање на јавноста за работата на Советот преку прес - конференции, соопштенија за медиумите, интервјуа, изјави и преку веб страницата на Советот;

- ажурирање на веб страницата на Советот на македонски, албански и англиски јазик;

- информирање и едукација на граѓаните во однос на новите технологии во сферата на радиодифузијата, а особено за процесот на дигитализација на телевизискиот сигнал

- следење на известувањето на медиумите за активности и случувања од областа на аудио-визуелната политика, слободата на медиумите и информациското општество.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

Бр. 01-6245/1
08.12.2012 година
Скопје

**Претседател на Советот**
**за радиодифузија на РМ,**

**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

*Изработил: Огнен Неделковски*
*Одобрил: м-р Андриана Скерлев Чакар*